Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1175/1 од 26.03.2025 година, поднесена од подносителот ----------------------------------, против правниот субјект „------------------------------------ ДОО" Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавените наводи не укажуваат на дејствија на злоупотреба на службената должност и овластување на службени лица.

Предметот со број 12-1175/1 од 26.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Познат подносител на ден 26.03.2025 година до ДКСК достави пријава, во која укажува на конфликтен случај со ---------------------- и ---------------------- вешти лица во Друштвото за премер, консалтинг и проектирање „--------------------------------- ДОО" во Скопје.
Подносителот во пријавата наведува дека во месец Август 2023 година, заедно со сопругата --------------------------------- биле во канцеларијата на ДПКП „---------------------- ДОО" во Скопје, каде се договореа за изработка на Геодетски Елаборат за извршен премер на недвижност.
Подносителот во пријавата наведува дека усно се договориле со геодетот -----------------, да уплати 4000 денари, а по завршување на Геодетскиот Елаборат да доплати и 5000 денари.
Подносителот во пријавата раскажува дека после два дена бил повторно во кацеларијата на горенаведеното геодетско друштво и побарал Геодетскиот елаборат да се изготви согласно Купопродажниот договор, а не по авионското снимање на парцелите, за кое што геодетот ------------------- не прифатил. Подносителот побарал геодетот да му ги врати

парите, но тој одбивал и потоа заедно со сопругата ја напуштиле канцеларијата на горенаведеното геодетско друштво.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што пријавените наводи не укажуваат на дејствија на злоупотреба на службената должност и овластување на службени лица и оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата